# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 120 год. LXVII 6 септември 2011, вторник Цената на овој број е 90 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2725. | **Указ бр. 18** од Претседателот на Република Македонија......................... | 2 |
| 2726. | **Одлука** за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Берлиц Јазичен Центар“ во Скопје................. | 2 |
| 2727. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Инвестиционата програма за 2011 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Другово........................ | 2 |
| 2728. | **Одлука** за давање согласност на одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (втора аукција со намалување на почетната продажна цена по акција).................... | 2 |
| 2729. | **Одлука** за давање согласност на одлуката за продажба на акциите на фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (втора аукција со намалување на почетната продажна цена по акција).................... | 2 |
| 2730. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во учебната 2011/2012 година.................. | 3 |
| 2731. | **Правилник** за условите под кои ѓубрето може да се пласира на пазар, односно да се евидентира, како и остатокот од пробното производство, од извоз или од крајниот корисник(*)..... | 3 |
| 2732. | **Правилник** за формата и содржината и начинот на водење на регистарот на производители на ѓубриња, постапката и документацијата за запишување во Регистарот на производители, условите за евидентирање на ѓубрето во Листата на ѓубриња кои се произведуваат и пласираат на пазар(*).... | 4 |
| 2733. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија............................. | 8 |
| 2734. | **Исправка** на Деловникот за работа на Народниот правобранител................... | 8 |
| | **Огласен дел..........................................** | **1-24** |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2725.**

**УКАЗ БР.18**

5 септември 2011 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

**ПОСМРТНО СЕ ОДЛИКУВА**

**ЈОРДАН МИЈАЛКОВ**

**со ОРДЕН „8 СЕПТЕМВРИ"**

За исклучителен придонес во остварувањето на независноста, самостојноста, сувереноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и јакнење на нејзината меѓународна положба и углед, вршејќи ја должноста прв министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија.

Бр. 10-1575
5 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2726.**

Врз основа на член 12 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.08.2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „БЕРЛИЦ ЈАЗИЧЕН ЦЕНТАР" ВО СКОПЈЕ

Член 1

Во Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Берлиц Јазичен Центар" во Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр.70/09), во насловот и текстот на Одлуката зборовите: „Берлиц Јазичен Центар" се заменуваат со зборовите: „Максимилијан Берлиц".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4290/1
31 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2727.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.08.2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА 2011 ГОДИНА НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА" ДРУГОВО

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Инвестиционата програма за 2011 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Другово бр.01-1307/1 од 27.07.2011 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 29.07.2011 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4120/1
23 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2728.**

Врз основа на член 172-а став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.08.2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА АКЦИИТЕ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (ВТОРА АУКЦИЈА СО НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ПРОДАЖНА ЦЕНА ПО АКЦИЈА)

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (втора аукција со намалување на почетната продажна цена по акција) број 02-4571/1 од 11.08.2011 година, донесена од Управниот одбор на Фондот, на седницата, одржана на 11.08.2011 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4233/1
23 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2729.**

Врз основа на член 172-а став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.08.2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА АКЦИИТЕ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (ВТОРА АУКЦИЈА СО НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ПРОДАЖНА ЦЕНА ПО АКЦИЈА)

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (втора аукција со намалување на почетната продажна цена по акција) број 02-4572/1 од 11.08.2011 година, донесена од Управниот одбор на Фондот, на седницата, одржана на 11.08.2011 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4234/1
23 август 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2730.**

Врз основа на член 110 став 1 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010 и 17/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23.08.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВА ГОДИНА НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО БИТОЛА, ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП И УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ВО ОХРИД ВО УЧЕБНАТА 2011/2012 ГОДИНА

1. Во Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" – Охрид во учебната 2011/2012 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/11, 42/11 и 50/11), во точката 1, потточката 1.1 Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, се врши дополнување на бројот на слободни места кој гласи:

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ** | | | **10** | **400** | | | **10** |
| Геодезија | | | 10 | 400 | | | 10 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ** | **8** | **200** | | | | | **8** |
| Драмски актери на македонски јазик | 8 | 200 | | | | | 8 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО** | **100** | **200** | **35** | **400** | | | **135** |
| Студии за компјутерски науки и инженерство | 100 | 200 | 35 | 400 | | | 135 |
| **ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ** | | | **20** | **400** | | | **20** |
| Психологија | | | 20 | 400 | | | 20 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ** | **108** | **200** | **65** | **400** | | | **173** |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4419/1
31 август 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2731.**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ЃУБРЕТО МОЖЕ ДА СЕ ПЛАСИРА НА ПАЗАР, ОДНОСНО ДА СЕ ЕВИДЕНТИРА, КАКО И ОСТАТОКОТ ОД ПРОБНОТО ПРОИЗВОДСТВО, ОД ИЗВОЗ ИЛИ ОД КРАЈНИОТ КОРИСНИК (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите под кои ѓубрето може да се пласира на пазар, односно да се евидентира, како и остатокот од пробното производство, од извоз или од крајниот корисник .

Член 2

Ѓубрето кое се пласира на пазарот треба да ги исполнува следните услови:

- да е пакувано во оригиналната амбалажа;
- да има соодветна етикета;
- да има идентификациска ознака;
- да има ознака за типот на вештачко ѓубре;
- видно да се истакнати хранливите состојки со хемиски симболи и со зборови;
- за ѓубрето во ринфузна состојба декларацијата да е истакнато на видно место; и
- да е ставена заштитна клаузула.

Член 3

Ѓубрето кое се пласира на пазар како остаток од пробно производство може да се евидентира доколку во декларацијата на ѓубрето се наведни;

- видот на ѓубрето;
- заостанатите количини на ѓубрето;
- датата на производство; и
- адресите на производителот, производниот погон и складиштето во кое е секладиран остатокот на ѓубрето.

Член 4

Ѓубрето кое се пласира на пазар како остаток, од пробно производство и извоз или од крајниот корисник може да се евидентира доколку се исполнети следните услови:

(*)Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕС) 2003/2003 на Европскиот парламент и Совет од 13 октомври 2003 година која се однесува на ѓубрива, CELEX бр. 32003R2003

- правните лица кои произведуваат, пласираат на пазар ѓубрива да водат евиденција за остатокот на количества на ѓубрето и податоците да ги доставаат до Фитосанитарната управа најдоцна до 31 март наредната година.

- Државниот инспекторат за земјоделство по барање на Фитосанитарна управа да изврши контрола и зел примероци од остатокот на ѓубрето и истите ги доставил во овластена лабораторија;

- да е обезбедено мислење од овластена лабораторија дека ѓубрето ги задржало истите особини дадени во првобитниот извештај врз база на кој ѓубрето било пуштено во промет ;

-ѓубрето е во истото пакување во кое е пласирано ;

- остатокот на ѓубрето се наоѓа на обележено место во магацинот;

- да има декларација во која ќе се истакне рокот на важност на ѓубрето;

-да има решение од Фитосанитарна управа дека остатокот на ѓубрето може да го пласира на пазар;

-да се евидентираат заостанати количества на суровини за производство на ѓубрива;

-да се евидентираат количините на остатокот од ѓубре и

- да е наведена адреса на просториите каде се чуваат остатоците од количества на ѓубрива, адреса на производителот и адреса на производниот погон.

Член 5

Ако одредено количество ѓубре кое се произведува за познат купувач остане непласирано/непотрошено/, истото се евидентира и се складира во магацин под услови пропишани во декларацијата.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17- 472/3
јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**2732.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07, 20/09 и 17/11 ) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ, УСЛОВИТЕ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЃУБРЕТО ВО ЛИСТАТА НА ЃУБРИЊА КОИ СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ И ПЛАСИРААТ НА ПАЗАР (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на производители на ѓубрива, постапката и документацијата за запишување во регистарот на производители, условите за евидентирање на ѓубрето во Листа на ѓубрива, кои се произведуваат и пласираат на пазар.

Член 2

Регистарот на производители на ѓубрива се води во електронска и пишана форма.

Регистарот од став 1 од овој член се води во книга со тврди корици во која се содржани , евиденциски листови во бела боја со А3 формат кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

На предната страна на книгата со златна боја е втиснат грбот на „Република Македонија’’ а под него се впишани зборовите: „Република Македонија’’, „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство“, „Фитосанитарна управа’’, Регистар на производители на ѓубрива.“

Член 3

Регистарот на производители на ѓубрива ги содржи следните податоци:

1. Идентификациски број на правното лице-производител;

2. Ознаката за типот на ѓубрето;

3. Назив на правното лице-производител;

4. Единствен даночен број на правното лице-производител;

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕС) 2003/2003 на Европскиот парламент и Советот од 13 октомври2003 година која се однесува на ѓубрива, , CELEX бр. 32003R2003

5. (БДС) број на деловниот субјект;

6. Седиште и адреса на правното лице-производител;

7. Адреса на објектот за производство;

8. Датум и архивски број на барањето за упис во Регистарот на производител;

9. Датум и број на решението за упис во Регистарот на производители, издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа;

10. Останати потребни податоци согласно барањето за упис;

11. Промени и

12. Забелешки.

Формата и содржината на Регистарот на производители на ѓубрива се додадени во Прилогот , кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

За запишување на производителот на ѓубре во Регистар на производители на ѓубрива до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарна управа, се поднесува барање, кои ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице;
- регистарски број на производителот издаден од Централниот регистар на Република Македонија;
- шифра на дејност според национална класификација на дејност;
- број на деловниот субјект ;
- даночен број;
- адреса и седиште на производителот;
- адреса на производниот погон;
- број на решение за увоз на ѓубрива издадено од (Фитосанитарна управа);
- вид на ѓубрето;
- тип на ѓубрето ;
- декларација за ѓубрето и
- останати податоци.

Член 5

Кон барањето за упис во Регистар на производители на ѓубрива се доставува следната документација:

1. Копие од решението за упис на производителот издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

2. Копие од имотниот лист или договорот за користење под закуп на просториите за производство на ѓубрива;

3. Доказ за вработено лице на неопределено време (М1/М2) образец и договор за работа (оригинал или заверено на нотар);

4. Диплома или уверение за завршено висока стручна спрема во областа на производството на ѓубрива и земјоделство (технолошки, хемиски или земјоделски факултет) заверено на нотар;

5. Решение за исполнување на услови за пласирање на ѓубрето на големо на пазарот (издадена од Фитосанитарна управа);

6. Решение за увоз на ѓубрива (издадена од Фитосанитарна управа);

7. Решение дека ѓубрето е запишано во Листа на ѓубрива (издадена од Фитосанитарна управа) и

8. Решение за издадена А-интегрирана еколошка дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Член 6

По донесување на решението за запишување на производителот за ѓубрива му се доделува единствен идентификациски број .

Член 7

Регистрираниот производител на ѓубрива во рок од 15 дена од настанатата промена на податоците кои се водат во Регистарот на производители, треба да ја извести Фитосанитарна управа.

Член 8

Регистрираниот производител на ѓубрива во рок од 15 дена по престанокот на вршење на дејноста до Фитосанитарна управа треба да достави барање за бришење од Регистарот на производители на ѓубрива.

Член 9

Евидентирањето на ѓубривата во Листа на ѓубрива кои се произведуваат и се пласираат на пазар се врши врз основа на податоците содржајни во барањето за запишување на ѓубрето во листа на ѓубрива. Кои се однесуваат на следните податоци:

- трговското име на ѓубрето;
- видот на ѓубрето;
- типот на ѓубрето;
- физичките-хемиските анализи на ѓубрето од овластена лабораторија;
- начинот на пакување.

2) Документи кои се доставуваат со барањето за упис во Листа на ѓубрива се:

- извештај – мислење од овластена лабораторија за испитување на квалитетот на ѓубрето;
- декларација на ѓубрето;
-решение за упис во Регистар на правни лица ( издадена од Централниот регистар на Република Македонија);
- решение за упис во Регистар на производители на ѓубрива (издадена од Фитосанитарната управа) и
- решение за упис во Регистар за увоз на ѓубрива (издадена од Фитосанитарната управа).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17- 321/5
јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

## РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Идентификациски број на правното лице - производител | Ознаката за типот на ѓубрето | Назив на правното лице-производител | Единствен даночен број на правното лице-производител | Б рој на деловниот субјект; | Седиште и адреса на правното лице-производител | Адреса на објектот за производство | Датум и архивски број на барањето за упис во регистар на производител | Датум и број на решението за упис во регистар на производители, издадено од министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство-фитосанитарна управа | Останати потребни податоци согласно барањето за упис | Промени | Забелешки |
| 1 | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | |

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2733.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 5.9.2011 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Верица Миновска, судија на Основниот суд Скопје 1 Скопје со навршување на 64 години на 19.7.2011 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 5.9.2011 година.

Бр. 07-1411/11
5 септември 2011 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

**2734.**

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Деловникот за работа на Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 92/2011) е направена техничка грешка.

Поради тоа, се врши следнава:

### ИСПРАВКА
### НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во ставовите 1 и 4 од членот 13, наместо број „11“ треба да стои бројот „12“.

Народен правобранител,
**Иџет Мемети,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011120